РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
Су.Бр 01.-13/18
28.02. 2018 год
ВИНИЦА

# ОСНОВЕН СУД
# ВИНИЦА



## Извештај за реализација на програмата за работа на претседателот 2017

ВИНИЦА, ФЕВРУАРИ 2018

# Содржина


ВОВЕД ..... 2

МИСИЈА ..... 2

ВИЗИЈА ..... 2

ПРОМЕНИ ..... 3

КЛИМА ..... 3

ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ..... 3

СЕДНИЦА НА СУДИИТЕ ..... 4

ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА СУДСКИОТ ДЕЛОВНИК ..... 4

ЕФИКАСНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО ..... 4

РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ ..... 5

СУДИИ ..... 7

СУДСКИ СОРАБОТНИЦИ ..... 8

АДМИНИСТРАЦИЈА ..... 8

СУДСКА ПОЛИЦИЈА ..... 8

АНАЛИЗА ..... 8

ПРИОРИТЕТИ ..... 9

ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ..... 9

ОПРЕМА ..... 10

ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА ..... 10

БАЗА НА ПОДАТОЦИ ..... 11

ЦЕЛ ..... 11

ФИНАНСИРАЊЕ ..... 12

СОРАБОТКА ..... 13

# ВОВЕД

Во 2017 година претседателот на судот продолжил со активностите за реализација на програмата за работа, а согласно условите и потенцијалите за работа на судот. Вршено е целосна примена на Судскиот деловник и на програмата АКМИС.

Продолжено е со мерките за зголемување на дисциплината и контролата во работењето, подобрување на квалитетот на односот на вработените спрема странките и на информираноста на вработените и јавноста за работата на судот, зголемена е ажурноста и квалитетот на работа на судот.

Наменски се трошени средствата на судот кои се определени со Буџетот за 2017 година со примена на принципот на економичност.

Контактите со Судскиот совет се редовни и на потребното ниво, а исто така и контактите со другите органи и судови.

# МИСИЈА

Основниот суд Виница како мал суд од основна надлежност во рамките на својата надлежност ги применува формалните и материјалните закони во граѓанските спорови и казнените дела, како и во другите постапки, во остварувањето на правата на граѓаните и правните лица, по нивно барање и по службена должност. Судот е ефикасен во остварувањето на правата на граѓаните по нивни барања, на кои се одговара во многу краток рок и се почитуват законските рокови во постапката.

# ВИЗИЈА

Целосно е остварена функцијата пропишана со Уставот, законите и меѓународните конвенции и договори, кое нешто се гледа од остварените

резултати во работењето изнесени во Годишниот извештај за работа, како и во мислењата за работа на судиите.

# ПРОМЕНИ

## КЛИМА

Во судот се градат добри односи помеѓу вработените, судиите и странките. Претседателот на судот секојдневно контактира со вработените, на кои преку разговор им се укажува на согледаните пропусти и неправилности во работењето, со цел за подобрување на работата, посебно нивниот однос кон странките. Со судиите постојано разменуваше мислења за сите проблеми кои се јавуваа во текот на работењето и нивно тековно решавање, за почитување на роковите во постапката пропишани со Закон и работеше на градење што подобри односи со странките посебно за враќање на довербата на граѓаните во судот и судството воопшто.

Информирањето на вработените на ниво на суд е навремено и објективно. Тоа се остваруваше преку интерната Веб страница на судот, преку одржување на состаноци со претседателот и судиите, како и со директни контакти со претседателот во форма на разговори за тековни проблеми, укажувања на недостатоци, писмени известувања и преку контроли за извршување на задачите на вработените, при што за согледаните грешки им е укажувано на вработените.

## ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во судот се изготвуваа редовните месечни извештаи за работа, како за судот, така и поединечно за секој судија, кои извештаи по изготвувањето и усвојувањето од седницата на судиите се доставуваа до надлежните органи и објавуваа на интернет страната на судот, од каде што јавноста имаше слободен пристап и увид во работењето на судот и судиите. Преку веб страната на судот редовно се објавуваа и неделните и месечните распореди за закажаните рочишта и претреси за сите судии. На тој начин се придонесе и за подобрување на комуникацијата со странките.

Канцеларијата за односи со јавноста преку одговорното лице контактира со заинтересираните лица и постапуваше по нивните барања. По сите барања на заинтересираните лица е навремено одговорено.

## СЕДНИЦА НА СУДИИТЕ

Основниот суд Виница во текот на 2017 година работеше со двајца судии и претседателот на судот. Претседателот и судиите секојдневно се среќаваа и разменуваа мислења за тековните проблеми и секогаш ја нагласуваа потребата од постојана ажурност во работењето, квалитетот и односот на судиите со странките. Еднаш месечно се одржуваше седница на судиите на која се разгледуваше месечниот извештај за работа а се расправаше и за проблеми кои настануваат во текот на работењето, посебно за правилната примена на правните прописи во врска со предметното работење. Судиите заедно со судските соработници ги разгледуваа вратените предмети по жалба од Апелациониот суд, кога отворено се дискутираше и се заземаа ставови за причините за укинување на пресудите. Во судот стручните соработници се овластени за следење на судска пракса.

## ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА СУДСКИОТ ДЕЛОВНИК

Во 2017 година се продолжи со напорите за доследна примена на Судскиот деловник и целосна примена на програмата АКМИС од страна на сите вработени кои се поврзани со нив. Сите вработени се обучени на потребното ниво за работа со програмот АКМИС и во работењето покажуваат добри резултати. Нема случаи на погрешна примена на судскиот деловник.

### ЕФИКАСНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Оваа година во Основниот суд Виница како и претходната година се продолжи ефикасноста во работењето со тоа што судиите во пропишаните законски рокови ги решаваа предметите, ги објавуваа одлуките а по изготвувањето одлуките беа доставени до странките. Во определениот рок сите пресуди се објавувени на веб страната на судот. Покрај редовните одлуки на веб страната на судот се објавуваа и правосилните одлуки.

Според времетраењето на постапката како еден од условите за ефикасност, се постигнаа добри резултати , најголем дел од предметите (околу 50%) се решени до 90 дена, што се гледа од приложената табела:

| Времетраење на постапката | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | граѓанско | % | кривично | % | **вкупно** | % |
| До 30 дена | 90 | 44,6% | 207 | 51,6% | **297** | **49,3%** |
| Од 1до 3м | 80 | 39,6% | 74 | 18,5% | **154** | **25,5%** |
| Од 3м до 6м | 28 | 13,9% | 35 | 8,7% | **63** | **10,4%** |
| Од 6 м до 1 г | 3 | 1,5% | 57 | 14,2% | **60** | **9,9%** |
| Над 1 год | 1 | 0,5% | 28 | 6,9% | **29** | **4,8%** |
| вкупно | 202 | | 401 | | **603** | |

Судиите ги применуваа Меѓународните Конвенции и Договори во граѓанската и кривичната постапка, а се применуваше и праксата на Судот за човекови права во Стразбур.

Работното тело за управување со движењето на предметите во судот работеше според годишниот план за управување со движењето на предметите и секој месец редовно доставуваше месечен извештај, со предлог мерки за спречување на создавањето и намалување на заостатокот на нерешени предмети и за застојот на движењето на предметите во судот. Таков извештај на Работното тело редовно, месечно се доставуваше до Судскиот совет на РМ.

## РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

Според годишниот распоред за 2017 година во рамките на расположивиот број на судии, еден судија работел на предмети од кривичната област, а еден судија на предмети од граѓанска област, ( претседателот на судот не постапува по предмети бидејќи е избран за судија на Апелационен суд Штип), Поради изземање на судија, судијата кој постапувал по кривични предмети е работел и граѓански предмети а судијата кој постапувал по граѓански предмети, е работел и кривични предмети. Поради бројот на судиите ( двајца), за оформување на кривичен совет е барано делегирање на судии од друг суд од подрачјето на Апелациониот суд Штип. Донесен е акционен план за решавање на стари предмети кои се од кривичната област и е следена реализацијата на планот, барано писмено известување од судијата

кај кого се во работа овие предмети за состојбата со предметите и за реализацијата. Вршен е надзор над навременото и уредно завршување на работите во судот. Претседателот на судот е постапувал по сите административни предмети и работи во судот. Постигнат е добар резултат, подобрен квалитетот на работа на судиите и совладан е приливот на предмети.

**Предметно работење на ниво на суд**

| Нерешени премети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **391** | **3439** | **36** | **0** | **3866** | **3475** | **391** |

**Квалитет на предметите на ниво на суд**

| Решени предмети | потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | % | број | % | број | % |
| **958** | **51** | **5,32** | **34** | **3.54** | **10** | **1,0** |

**Состојба на стари предмети**

Стари предмети 2017 година

| | Остаток од 01/01/2017 | | | | | | Новопримени | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| **К** | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 5 |
| **ПРК** | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 13 |
| **ИПРК** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| **ИКП** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| **КУИКП** | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 |
| **КС-КР** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **П4** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **ВКУПН** | **1** | **2** | **0** | **0** | **5** | **26** | **0** | **0** | **0** | **1** | **2** | **0** | **49** |

| | Вкупно во работа | | | | | | | Решени | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| **К** | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| **ПРК** | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| **ИПРК** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 |
| **ИКП** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 13 |
| **КУИКП** | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 7 | 11 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 2 | 4 |
| **КС-КР** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **П4** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **ВКУПН** | **1** | **2** | **0** | **1** | **7** | **21** | **49** | **0** | **2** | **0** | **0** | **4** | **16** | **25** |

| | Остаток на 31/12/2017 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| **К** | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 |
| **ПРК** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 10 |
| **ИПРК** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **ИКП** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| **КУИКП** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **КС-КР** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **П4** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПН** | **1** | **0** | **0** | **1** | **2** | **5** | **17** |

**Графикон –сумарен преглед на предмети 2016 /2017 година**




| | Нерешени предмети | Ново примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Остаток нерешени предмети | 2016/2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 248 | 3579 | 3827 | 3436 | 391 | 143 |
| 2017 | 391 | 3475 | 3866 | 3475 | 391 | 0 |

Од оваа табела се гледа обемот на работа и решените предмети споредбено помеѓу 2016 и 2017 година. Се забележува и дека во 2016 година и 2017 година обемот на работа е ист и дека приливот на предмети во 2017 година е совладан во целост .

Со запленетите предмети се постапува согласно законските прописи и истите се чуваат во расположливите простории на судот. За напомена е дека судот нема простор за чување на одземените предмети. Дел од истите се чуваат во просторијата каде се наоѓаат архивираните предмети а дел во други простории на судот.

## СУДИИ

Судиите во Основен суд Виница имаа професионален однос кон странките и коректен однос кон вработените. Се придржуваа кон Кодексот за судска етика. Навремено ги изработуваа одлуките и при судењето задолжително носеа

Тога. Навремено го објавуваат распоредот за судење. Немало поплака од странки за нивна непристрасност. Судиите учествуваа на едукации и надградба на знаењето со посета на семинари организирани од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

## СУДСКИ СОРАБОТНИЦИ

Во судот има двајца судски соработници и еден помлад судски приправник, кои изготвуваа нацрт одлуки на судиите. Редовно ги следеа измените на законите и другите прописи и во текот на работењето помагаа на административните работници, а вршеа и други работи по налог на претседателот.

## АДМИНИСТРАЦИЈА

Судските службеници имаа коректен и професионален однос со странките. Се придржуваа кон Кодексот на етика на вработените во судска служба на РМ и нема случаи на нарушување на угледот на судската служба. Сите вработени го почитуваат работното време и ги извршуваат редовно своите работни обврски во текот на работниот ден. Посетуваа континуирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Судската полиција е составена од 5 полицајци кои работат по претходно направен распоред за работа. Судските полицајци имаат културен и професионален однос кон странките и се придржуваат кон Правилникот за работа на судската полиција. Вршат редовни и повремени контроли на странките и другите посетители на судот по однос на безбедноста за судот и вработените. Судската полиција е опремена со пропишаната опрема-униформа, но не е опремена технички.

# АНАЛИЗА

Од месечните извештаи за работа до крајот на годината, а посебно од Годишниот извештај за работа на судот за 2017 година може да се утврди

дека судот добро работел и во целост го совладал годишниот прилив на ниво на суд. Судиите, а и судските службеници постојано беа ангажирани и работеа за совладување на приливот на предметите и намалување на заостатокот. Подобрен е квалитетот на работа на судот и на судиите поединечно. Нема ниту една негативна постапка на вработените, ниту пак судиите спрема странките со која би бил нарушен угледот на судот. Тоа е разултат на постигнато ниво на хармонија на односите помеѓу сите чинители во судот, создадената атмосфера за работа која е потикнувачка и мотивирачка, како и на односите на судот како целина спрема странките .

# ПРИОРИТЕТИ

## ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Основен суд Виница е сместен во зграда која претходно е била амбулантана и има одлична место положба. Во непосредна близина на судот се поштата, полицијата, општината Дворното место е озеленето и пространо, целосно оградено.Канцелариите на судиите се на катот од зградата но поради немање на просторни можности нема просторија за записничари-дактилографи кои се сместени во канцелариите со судиите. Во непосредна близина на судот се поштата, полицијата, општината . Поради појава на влага посебно на приземјето потребно е вложување во одржување на судската зграда затоа што влагата ги има нагризано ѕидовите што предизвикува ровење на фасадата како и на внатрешните ѕидови. Судот има сопствено парно за греење. Парниот котел е сместен во времен објект - метална гаража, на која во тековната 2017 година е сменет кровот кој поради старост и временските прилики протечуваше но потребно е да се обезбедат финансиски средства за изградба на објект од тврда градба, над кој просторот би се искористил за други потребни намени како судска сала на катот од судот. Судот нема шалтер служба. Има потреба од финансиски средства за шалтер служба во судската писарница кое би се овозможило со градежна интервенција за која се потребни минимални финансиски средства. Судот има и други потреби, за што до Судскиот буџетски совет се доставени барања со образложение за потребата , пресметка и проект.

## ОПРЕМА

Во 2017 година имаше една капитална инвестиција за набавка на информатичка опрема и тоа за износ од 165.000,оо денари со пресметан ДДВ, кои се искористени во целост. Меѓутоа со набавката на два печатари и два компјутери не е решена состојбата со информатичката опрема во судот која во најголем дел е со старост од 10 год., и над 10 години и неопходно е потребно замена на истата со нова информатичка технологија. Во 2017 година се продолжи со централно печатење на сите одлуки и други писмена во судот преку еден централен печатар, на кој се поврзани сите компјутери кои имаат потреба од печатење. На тој начин се намалија трошоците за тонери, се намали трошењето на хартија и струја.

Овде може да се спомне дека е спроведена постапка за јавна набавка на канцелариски потрошен материјал, набавка на гориво за греење и за моторното возило, молерофарбарски работи, занаетчиски услуги.

Канцелариите се опремени со потребниот мебел кој е набавен во 2004 година.

Се продолжува со мерките за штедење па трошоците за електрична енергија, топлотна енергија, телефон и пошта кои се сведени на минимум. За напомена е дека и судот на крајот на 2017 година нема долгови освен тековните за комунални услуги за месец декември.

## ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Судот располага со информатичка технологија која во најголем дел е стара. Опремен е со компјутери и печатари, има два скенери, се користи интернетот и електронската пошта. Во наредниот период е неопходно да се обнови таа технологија, заради тоа што е поминато повеќе од 10 години одкако истата е набавена и користена и се уште се користи и затоа што поради протекот на време истата е застарена. Набавката на 18 компјутери е од голем приоритет заради можноста од дефект на постоечките а поради истрошеност и дотраеност.

# БАЗА НА ПОДАТОЦИ

Основен суд Виница има веб страна која е активна и постојано се ажурира.

| Објавени одлуки на Судскиот портал | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Месец / 2017 | Редовни | | Правосилни | | Вкупно | |
| | објавени | % | објавени | % | вкупно објавени одлуку | % |
| Јануари | 40 | 35,1 | 74 | 64,9 | 114 | 13,3 |
| Февруари | 60 | 40,3 | 89 | 59,7 | 149 | 17,4 |
| Март | 28 | 35 | 52 | 65 | 80 | 9,3 |
| Април | 30 | 50,8 | 29 | 49,2 | 59 | 6,9 |
| Мај | 22 | 68,8 | 10 | 31,3 | 32 | 3,7 |
| Јуни | 12 | 63,2 | 7 | 36,8 | 19 | 2,2 |
| Јули | 2 | 50 | 2 | 50 | 4 | 0,5 |
| Август | 15 | 75 | 5 | 25 | 20 | 2,3 |
| Септември | 53 | 96,4 | 2 | 3,6 | 55 | 6,4 |
| Октомври | 34 | 34,7 | 64 | 65,3 | 98 | 11,4 |
| Ноември | 62 | 44,6 | 77 | 55,4 | 139 | 16,2 |
| Декември | 51 | 58 | 37 | 42 | 88 | 10,3 |
| Вкупно | 409 | 47,7 | 448 | 52,3 | 857 | 100 |

На веб страната се објавуваат и месечните извештаи за работа, годишниот извештај за работа, а секојдневно се објавуват и распоредите за судење на судиите.

# ЦЕЛ

Основниот суд Виница во 2017 година успешно ја оствари функцијата пропишана согласно Уставот и Законот и овозможи слободен пристап на граѓаните во остварувањето и заштитата на нивните права. Подобрена е ефикасноста и квалитетот на судот, се почитуваат законските рокови пропишани со процесните закони, што дава на заклучок дека судот суди во разумен рок.

# ФИНАНСИРАЊЕ

Основниот суд Виница како единка корисник на буџетски средства се финансира преку буџет кој се проектира за секоја година и реализира преку Судскиот буџетски совет.

За 2017 година беше проектиран следниот буџетски план:

| 603-11 Буџетска сметка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Конто-назив | Одобрен план | релизација | остаток | % на реализација |
| 420-Патни трошоци | 1.000 | 0 | 1.000 | 0 |
| 421-комунлани услуги | 650.000 | 648.945 | 1.055 | 99,84% |
| 423-канцелариски материјали | 129.000 | 111.482 | 17.518 | 86,42% |
| 424-тековно одржување | 155.000 | 126.654 | 28.346 | 81.71% |
| 425-Дог.услуги и вештачења | 121.200 | 63.251 | 57.949 | 52,19% |
| 426-Др.операт.услуги | 35.000 | 11.263 | 23.737 | 32,18% |
| 464-Разни трансфери | 45.500 | 45.500 | 0 | 100% |
| 480-капитални расходи | 165.000 | 141.855 | 23.145 | 85,97% |
| Вкупно | 1.301.700 | 1.148.950 | 152.750 | 88.26% |
| 631-19-Самофинансирање | | | | |
| 421-комунлани услуги | 112.500 | 46.649 | 65.851 | 31,10% |
| 423-канцелариски материјали | 60.000 | 49.259 | 10.741 | 61.57% |
| 424-тековно одржување | 75.000 | 37.906 | 37.094 | 37.91% |
| 425-Дог.услуги и вештачења | 75.000 | 5.000 | 70.000 | 5.00% |
| 426-Др.операт.услуги | 7.500 | 3.185 | 4.315 | 31.85% |
| Вкупно | 330.000 | 141.999 | 188.001 | 43,03% |
| СЕ ВКУПНО | 1.631.700 | 1.290.949 | 340.751 | 79,12% |

На крајот на годината останаа неизмирени обврски во вкупен износ од 401.634 денари, со тоа што износот од 352.000,00 денари се однесува за судски вештачења кои во кривичните предмети се платени од осудените на сметка на буџет на РМ, а покрај тоа истите и се застарени поради протокот на време . Се продолжува со мерките за штедење па трошоците за електрична енергија, топлотна енергија, телефон и пошта кои се сведени на минимум. За напомена е дека и судот на крајот на 2017 година нема долгови освен тековните за комунални услуги за месец декември. На крајот на годината останаа неизмирени обврски во вкупен износ од 401.634 денари, со тоа што износот од 352.000,00 денари се однесува за судски вештачења кои во кривичните предмети се платени од осудените на сметка на буџет на РМ, а покрај тоа истите и се застарени поради протокот на време

| Неизмирени обврски на 31.12.207 година | |
|---|---|
| 421110-електрична енергија | 19.754 |
| 421120-комунални услуги | 6.630 |
| 421130- поштенски услуги | 14.892 |
| 421320- комуникациски услуги | 1.464 |
| 423990-други материјали | 980 |
| 425320 – судски вештачења | 352.000 |
| 425990-други договорни услуги(камати за ПИО и здравство) | 5.914 |
| Вкупно: | 401.634 |

# СОРАБОТКА

Основниот суд Виница продолжи да остварува соработка со другите судови на подрачјето на Апелационен суд Штип, со Апелационен суд Штип, Врховен суд на РМ, Судскиот совет на РМ, преку контакти на претседателот на судот, со учество на средби, семинари, едукации, како и со заедничко учество на судиите на стручни и други советувања организирани од Академијата за судии и јавни обвинители.

Претседателот на судот остваруваше соработка и со Единицата на локалната самоуправа Виница, МВР-ПС Виница, Јавното обвинителство, Првобранителство, Центарот за социјални работи Нотарот и Извршителите, како и со средствата за јавно информирање, а се со цел за успешно вршење на својата функција и транспарентност во работењето.

Виница
Февруари 2018

Претседател на судот
Васка Петрова